# ВНАТРЕШНО УПАТСТВО: ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПАЦИЕНТИ

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството.**
- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек ви е препишан вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како и вашите.*

<ins>Во ова упатство:</ins>

1. Што претставува лекот Халоперидол Крка и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го земете лекот Халоперидол Крка
3. Како да го земате лекот Халоперидол Крка
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на лекот Халоперидол Крка


**Haloperidol Krka – Халоперидол Крка 10 mg таблети**
haloperidol

- *Активна супстанција*: халоперидол. Секоја таблета содржи 10 mg халоперидол.
- *Помошни супстанции*: калциум хидроген фосфат дихидрат, пченкарен скроб, кинолин жолта (E104) и магнезиум стеарат (E572).

Таблетите Халоперидол Крка од 10 mg се светло жолти, тркалезни, малку биконвексни таблети со разделна линија на едната страна. Таблетата може да се подели на две еднакви половини.

Лекот Халоперидол Крка е достапен во кутии со 30 таблети во шишенце.

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет:**
КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје, ул. Христо Татарчев-1, број 101, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Име и адреса на производителот:**
KRKA, tovarna zdravil, d.d., Novo mesto, Šmarješka cesta 6, 8501 Novo mesto, Словенија

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛЕКОТ ХАЛОПЕРИДОЛ КРКА И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Името на вашиот лек е Халоперидол Крка.

Лекот Халоперидол Крка ја содржи активна супстанција халоперидол. Тој и припаѓа на групата на лекови што се наречени „антипсихотици“.

Лекот Халоперидол Крка се користи кај возрасни, адолесценти и деца за заболувања кои им влијаат на начинот на размислување, чувствување или однесување. Тука се вклучени проблеми со менталното здравје (како што се шизофренија и биполарно растројство) и проблеми со однесувањето.

Овие заболувања може да ве натераат:
- Да се чувствувате збунето (делириум)
- Да гледате, слушате, чувствувате или мирисате работи што не постојат во реалноста (халуцинации)
- Да верувате во работи што не се вистинити (заблуди)
- Да чувствувате невообичаени сомнежи (параноја)
- Да се чувствувате многу возбудено, вознемирено, ентузијастично, импулсивно или хиперактивно.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
СКОПЈЕ

- Да се чувствувате многу агресивно, непријателски или насилно.

Кај адолесценти и деца, лекот Халоперидол Крка се користи за лекување на шизофренија кај пациенти на возраст од 13 до 17 години и за лекување на проблеми со однесувањето кај пациенти на возраст од 6 до 17 години.

Исто така, лекот Халоперидол Крка се користи:
- Кај адолесценти и деца на возраст од 10 до 17 години и кај возрасни за движења или звуци што не можете да ги контролирате (тикови), на пример кај тежок Туретов синдром
- Кај возрасните како помош во контролата на движењата при Хантингтонова болест.

Лекот Халоперидол Крка понекогаш се користи кога останатите лекови или терапии не функционирале или пак предизвикале неприфатливи несакани дејства.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО ЗЕМЕТЕ ЛЕКОТ ХАЛОПЕРИДОЛ КРКА

**Немојте да го земате лекот Халоперидол Крка ако:**
- Сте алергични на халоперидол или на некоја од помошните супстанции на овој лек (наведени погоре во текстот)
- Сте помалку свесни за работите околу вас или пак вашите реакции станат невообичаено бавни
- Имате Паркинсонова болест
- Имате тип на деменција наречена „деменција со Луи телца“
- Имате прогресивна супрануклеарна парализа (PSP)
- Имате срцево нарушување што е наречено „продолжен QT интервал“, или било кој друг проблем со срцевиот ритам што се манифестира како абнормално следење на ЕКГ (електрокардиограм).
- Имате срцева слабост или неодамна сте имале срцев удар
- Имате ниско ниво на калиум во крвта, што не е третирано
- Земате некој од лековите наведени во делот „Други лекови и лекот Халоперидол Крка - Немојте да го земате лекот Халоперидол Крка ако земате одредени лекови за“.

Доколку нешто од горенаведеното се однесува на вас немојте да го земате овој лек. Ако не сте сигурни, разговарајте со вашиот лекар или фармацевт пред да го земете лекот Халоперидол Крка.

**Посебни предупредувања и мерки на претпазливост**

**Сериозни несакани дејства**
Лекот Халоперидол Крка може да предизвика проблеми со срцето, проблеми со контролирањето на движењата на телото или екстремитетите и едно сериозно несакано дејство наречено „невролептичен малиген синдром“. Исто така, може да предизвика сериозни алергиски реакции и згрутчувања на крвта. Мора да бидете свесни за сериозните несакани дејства додека го користите лекот Халоперидол Крка затоа што може да ви биде потребна итна медицинска терапија. Погледнете во делот „Внимавајте на сериозните несакани дејства“ во точка 4.

**Постари лица и лица со деменција**
Мало зголемување на смртноста и мозочните удари било забележано кај постарите лица со деменција кои земаат антипсихотични лекови. Ако сте постари, особено ако имате деменција, советувајте сеое со вашиот лекар пред да го земете лекот Халоперидол Крка.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

**Разговарајте со вашиот лекар доколку имате:**
- Бавно чукање на срцето, срцево заболување или доколку некој од вашето блиско семејство ненадејно починал од срцеви проблеми

- Низок крвен притисок или вртоглавица при седнување или станување
- Ниско ниво на калиум или магнезиум (или друг „електролит“) во крвта. Вашиот лекар ќе одлучи како да се третира оваа состојба
- Некогаш сте имале крварење во мозокот или вашиот лекар ви кажал дека имате поголема веројатност од појава на мозочен удар од другите
- Епилепсија или некогаш сте имале епилептични напади (конвулзии)
- Проблеми со бубрезите, црниот дроб или тироидната жлезда
- Високо ниво на хормонот „пролактин“ во крвта или рак којшто може да биде предизвикан од високи нивоа на пролактин (како што е рак на дојка)
- Историја на згрутчувања на крвта или доколку некој од вашето семејство има историја на згрутчувања на крвта
- Депресија или доколку имате биполарно растројство и почнете да се чувствувате депресивно.

Може да ви биде потребно повнимателно следење и може да биде потребно да се промени количината на лекот Халоперидол Крка што ја земате.

Ако не сте сигурни дали нешто од горенаведеното се однесува на вас, разговарајте со вашиот лекар или фармацевт пред да го земете лекот Халоперидол Крка.

**Медицински прегледи**
Вашиот лекар може да одлучи да направи електрокардиограм (ЕКГ) пред или за време на вашата терапија со лекот Халоперидол Крка. ЕКГ ја мери електричната активност на вашето срце.

**Тестови на крвта**
Вашиот лекар може да одлучи да ги провери нивоата на калиум или магнезиум (или друг "електролит") во крвта пред или за време на вашата терапија со лекот Халоперидол Крка.

**Деца под 6 годишна возраст**
Лекот Халоперидол Крка не треба да се користи кај деца и адолесценти на возраст под 6 години. Тоа се должи на фактот што лекот не е проучен адекватно кај оваа возрасна група.

**Други лекови и лекот Халоперидол Крка**
Кажете му на вашиот лекар или фармацевт ако земате, неодамна сте земале или пак може да земате други лекови.

**Немојте да го земате лекот Халоперидол Крка ако земате одредени лекови за:**
- Проблеми со срцевиот ритам (како што се амиодарон, дофетилид, дисопирамид, дронедарон, ибутилид, кинидин и соталол)
- Депресија (како што се циталопрам и есциталопрам)
- Психози (како што се флуфеназин, левомепромазин, перфеназин, пимозид, прохлорперазин, промазин, сертиндол, тиоризадин, трифлуоперазин, трифлупромазин и зипразидон)
- Бактериски инфекции (како што се азитромицин, кларитромицин, еритромицин, левофлоксацин, моксифлоксацин и телитромицин)
- Габични инфекции (како што е пентамидин)
- Маларија (како што е халофантрин)
- Гадење и повраќање (како што е доласетрон)
- Рак (како што се торемифен и вандетаниб).

Исто така, кажете му на вашиот лекар ако земате бепридил (за болка во градите или за намалување на крвниот притисок) или метадон (лек против болка или за лекување на зависност од дрога).
Постои поголема веројатност овие лекови да предизвикаат проблеми со срцето, затоа разговарајте со вашиот лекар доколку земате некој од овие лекови и немојте да го земате лекот Халоперидол Крка (Погледнете за „Немојте да го земате лекот Халоперидол Крка ако“)

**Може да биде потребен посебен мониторинг доколку го земате лекот Халоперидол Крка истовремено со литиум.**
Веднаш кажете му на вашиот лекар и престанете да ги земате двата лека доколку почувствувате:
- Покачена телесна температура што не можете да ја објасните или движења што не можете да ги контролирате
- Збунетост, дезориентираност, главоболка, проблеми со рамнотежата и се чувствувате поспани.

Тие се знаци на една сериозна состојба.

**Одредени лекови може да му влијаат на начинот на кој делува лекот Халоперидол Крка или пак постои поголема веројатност да предизвикаат срцеви проблеми**
Кажете му на вашиот лекар доколку земате:
- Алпразолам или буспирон (за вознемиреност)
- Дулоксетин, флуоксетин, флувоксамин, нефазодон, пароксетин, сертралин, кантарион (*Hypericum, perforatum*) или венлафаксин (за депресија)
- Бупропион (за депресија или да ви помогне да престанете со пушењето)
- Карбамазепин, фенобарбитал или фенитоин (за епилепсија)
- Рифампицин (за бактериски инфекции)
- Итраконазол, посаконазол или вориконазол (за габични инфекции)
- Таблети кетоконазол (за лекување на кушингов синдром)
- Индинавир, ритонавир или саквинавир (за хуман имунодефициентен вирус или ХИВ)
- Хлорпромазин или прометазин (за гадење и повраќање)
- Верапамил (за крвен притисок или срцеви проблеми).

Исто така, кажете му на вашиот лекар ако земате други лекови за намалување на крвниот притисок, како што се таблети за мокрење (диуретици).

Вашиот лекар може да биде потребно да ви ја промени дозата на лекот Халоперидол Крка ако земате некој од овие лекови.

**Лекот Халоперидол Крка може да влијае на начинот на делување на следниве видови на лекови**
Кажете му на вашиот лекар ако земате лекови за:
- Смирување или заспивање (лекови за смирување)
- Болка (силни лекови против болка)
- Депресија („трициклични антидепресиви“)
- Намалување на крвниот притисок (како што се гванетидин и метилдопа)
- Тешки алергиски реакции (адреналин)
- Нарушување на дефицит на внимание и хиперактивост (ADHD) или нарколепсија (познати како „стимуланси“)
- Паркинсонова болест (како што е леводопа)
- Разредување на крвта (фениндион).

Разговарајте со вашиот лекар пред да го земете лекот Халоперидол Крка, доколку земате некој од овие лекови.

**Земање на лекот Халоперидол Крка со алкохол**
Пиењето алкохол додека го земате лекот Халоперидол Крка може да доведе до чувство на поспаност и помала будност. Тоа значи дека треба да внимавате колкави количини на алкохол ќе консумирате. Разговарајте со вашиот лекар во врска со пиењето алкохол додека го користите лекот Халоперидол Крка и информирајте го вашиот лекар колкави количини пиете.

**Бременост, доење и плодност**
**Бременост** - ако сте бремени, мислите дека сте бремени или пак планирате да забремените, советувајте се со вашиот лекар. Вашиот лекар може да ве советува да не го користите лекот Халоперидол Крка додека сте бремени.

Следниве проблеми може да се појават кај новородени бебиња од мајки коишто го земале лекот Халоперидол Крка во последните 3 месеци од бременоста (последниот триместар):

- Мускулен тремор, вкочанети или слаби мускули
- Поспаност или вознемиреност
- Проблеми со дишењето или хранењето.

Точната фреквенција на овие проблеми не е позната. Ако сте го земале лекот Халоперидол Крка додека сте бремени и кај вашето бебе се појавило некое од овие несакани дејства, треба да го контактирате вашиот лекар.

**Доење** - Разговарајте со вашиот лекар ако доите или пак планирате да доите. Ова е важно затоа што мали количини од лекот можат да преминат во мајчиното млеко и да се пренесат на бебето. Вашиот лекар ќе разговара со вас во однос на ризиците и придобивките од доењето додека го земате лекот Халоперидол Крка.

**Плодност** - Лекот Халоперидол Крка може да ги зголеми нивоата на хормонот што е наречен „пролактин", што може да ја наруши плодноста кај мажите и жените. Разговарајте со вашиот лекар доколку имате било какви прашања во врска со тоа.

**Влијание врз способноста за возење или за ракување со машини**

Лекот Халоперидол Крка може да влијае на вашата способност за возење и за ракување со алати или машини. Несаканите дејства, како што се чувство на поспаност, може да влијаат на вашата будност, особено на почетокот на терапијата или по зголемување на дозата. Немојте да возите или да ракувате со алати или машини без претходно да се советувате со вашиот лекар.

**Важни информации за некои од помошните супстанции на лекот Халоперидол Крка**

Таблетите Халоперидол Крка од 10 mg содржат лактоза и сахароза. Ако вашиот лекар ви кажал дека не поднесувате некои шеќери, советувајте се со вашиот лекар пред да го земете овој лек.

## 3. КАКО ДА ГО ЗЕМАТЕ ЛЕКОТ ХАЛОПЕРИДОЛ КРКА

*Строго придржувајте се кон упатствата на лекарот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинете без да се посоветувате со лекар.*

**Колкава количина на лекот ќе ви биде дадена**

Вашиот лекар ќе ви каже колку таблети треба да земате и колку долго. Вашиот лекар исто така ќе ви каже дали да го земате лекот Халоперидол Крка еднаш или повеќе пати дневно. Може да помине извесно време пред да го почувствувате целосното дејство на лекот. Вашиот лекар вообичаено ќе ви даде мала доза на почетокот, а потоа ќе ја прилагоди дозата за да ви одговара. Многу е важно да ја земате точната количина на лекот.

Вашата доза на халоперидол ќе зависи од:

- Вашата возраст
- За каква состојба се лекувате
- Дали имате проблеми со бубрезите или црниот дроб
- Другите лекови што ги земате.

**Возрасни**

- Вашата доза вообичаено ќе биде помеѓу 0,5 mg и 10 mg дневно.
- Вашиот лекар може да ја прилагоди дозата за да ја одреди дозата што најмногу ви одговара
- Највисоката доза што треба да ја земат возрасните зависи од состојбата за која се лекувате и таа варира помеѓу 5 mg и 20 mg дневно.

**Постари лица**

- Постарите лица обично започнуваат со доза од 0,5 mg дневно или половина од најниската доза за возрасните.
- Бројот на таблети што ги земате потоа ќе се прилагодува се додека лекарот не ја одреди дозата што најмногу ви одговара.
- Највисоката доза што треба да ја земаат постарите лица изнесува 5 mg дневно, освен ако вашиот лекар не одлучи дека ви е потребна поголема доза.

**Деца и адолесценти на возраст од 6 до 17 години**
- Вашата доза вообичаено ќе биде помеѓу 0,5 mg и 3 mg дневно.
- Адолесцентите на возраст до 17 години што се третираат за шизофренија или проблеми со однесувањето може да добијат поголема доза, до 5 mg дневно.

**Земање на лекот Халоперидол Крка**
- Лекот Халоперидол Крка е наменет за перорална употреба.
- Голтнете ги таблетите со малку вода.

*Ако имате впечаток дека дејството на лекот Халоперидол Крка е премногу силно или премногу слабо, посоветувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

**Ако сте земале поголема доза од лекот Халоперидол Крка отколку што треба**
Ако сте земале поголема доза од лекот Халоперидол Крка отколку што треба, или ако некој друг го земал лекот Халоперидол Крка, советувајте се со лекар или веднаш упатете се кон одделот за итни случаи на најблиската болница.

**Ако сте заборавиле да го земете лекот Халоперидол Крка**
*Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.*
- Ако заборавите да земете некоја доза, земете ја следната доза според вообичаеното. Потоа продолжете да го земате лекот како што ве советувал вашиот лекар.
- Немојте да земате двојна доза.

**Ако престанете да го земате лекот Халоперидол Крка**
Доколку вашиот лекар не ви каже поинаку, треба постепено да престанете со земањето на лекот Халоперидол Крка. Наглото прекинување на терапијата може да доведе до несакани дејства како што се:
- Гадење и повраќање
- Отежнато спиење.

Секогаш внимателно следете ги упатствата на вашиот лекар.

*Доколку имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, советувајте се со вашиот лекар или фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите лекови, така и лекот Халоперидол Крка може да има несакани дејства иако не кај сите болни.*

**Внимавајте на сериозните несакани дејства**
Веднаш кажете му на вашиот лекар доколку забележите или пак се сомневате во нешто од следново. Може да ви биде потребно итно медицинско лекување.

**Проблеми со срцето:**
- Абнормален срцев ритам - ја прекинува нормалната работа на срцето и може да предизвика губење на свеста
- Абнормално забрзано чукање на срцето
- Дополнителни отчукувања на срцето.

Срцевите проблеми се појавуваат помалку често кај луѓето кои го земаат лекот Халоперидол Крка (може да се појават кај најмногу 1 на 100 пациенти). Ненадејна смрт се појавила кај пациентите кои го земаат овој лек, но точната фреквенција на овие смртни случаи не е позната. Срцев застој (срцето престанува да чука) исто така се појавил и кај луѓе кои земаат антипсихотични лекови.

**Сериозен проблем наречен „невролептичен малиген синдром“**. Тој предизвикува висока телесна температура, тешка мускулна вкочанетост, збунетост и губење на свеста. Тоа е ретко несакано дејство кај пациентите кои го земаат лекот Халоперидол Крка (може да се појави кај најмногу 1 на 1.000 пациенти).

**Проблеми со контролирање на движењата на телото или екстремитетите (екстрапирамидално нарушување),** како што се:
- Движења на устата, јазикот, вилицата и понекогаш екстремитетите (тардивна дискинезија)
- Чувство на немир или неможност да се седи мирно, зачестени движења на телото
- Бавни или намалени движења на телото, неволни рефлексни движења или вртења
- Тремор на мускулите или вкочанетост, влечкање
- Неможност да се движите
- Недостаток на нормален израз на лицето што понекогаш изгледа како маска.

Тие се многу чести несакани дејства кај луѓето кои го користат лекот Халоперидол Крка (може да се појават кај повеќе од 1 на 10 пациенти). Доколку ви се појави некое од овие несакани дејства, може да ви се даде дополнителен лек.

**Тешка алергиска реакција** што може да вклучува:
- Отечено лице, усни, уста, јазик или грло
- Отежнато голтање или дишење
- Исип проследен со чешање (исип како од коприва).

Алергиската реакција се појавува помалку често кај пациентите кои го земаат лекот Халоперидол Крка (може да се појави кај најмногу 1 на 100 пациенти).

**Згрутчувања на крвта во вените, вообичаено во нозете** (длабока венска тромбоза или ДВТ). Тие биле пријавени кај пациентите кои земаат антипсихотици. Знаците на ДВТ во ногата вклучуваат оток, болка и црвенило на ногата, но тромбот може да се префрли во белите дробови, предизвикувајќи болка во градите и отежнато дишење. Згрутчувањата на крвта може да бидат многу сериозни, и затоа треба веднаш да го известите вашиот лекар доколку забележите некој од овие проблеми.

Веднаш кажете му на вашиот лекар доколку забележите некое од сериозните несакани дејства што се наведени погоре.

**Други несакани дејства**

Кажете му на вашиот лекар доколку забележите или пак се сомневате во некое од следниве несакани дејства.

**Многу чести несакани дејства (може да појават кај повеќе од 1 на 10 пациенти):**
- Чувство на вознемиреност (агитираност)
- Отежнато спиење
- Главоболка.

**Чести несакани дејства (може да се појават кај најмногу 1 на 10 пациенти):**
- Сериозен проблем со менталното здравје, како што е верување во работи што не се точни (заблуди) или гледање, чувствување, слушање или мирисање на работи што не постојат во реалноста (халуцинации)

- Депресија
- Абнормална напнатост на мускулите
- Вртоглавица, вклучувајќи и вртоглавица при седнување или станување
- Чувство на поспаност
- Движење на очите нагоре или брзи движења на очите што не можете да ги контролирате
- Проблеми со видот, како што е заматен вид
- Низок крвен притисок
- Гадење, повраќање
- Запек
- Сува уста или зголемено лачење на плунка
- Кожен исип
- Неможност за мокрење или целосно празнење на мочниот меур
- Тешкотија при постигнување и одржување на ерекција (импотенција)
- Зголемување или намалување на телесната тежина
- Промени што се забележуваат на крвните тестови на црниот дроб

**Помалку чести несакани дејства (може да се појават кај најмногу 1 на 100 пациенти):**
- Несакани дејства врз крвните клетки - низок број на сите видови крвни клетки, вклучително и сериозно намалување на белите крвни клетки и низок број на „тромбоцити“ (клетки кои помагаат во згрутчувањето на крвта)
- Чувство на збунетост
- Губење на сексуалниот нагон или намален сексуален нагон
- Епилептични напади (грчеви)
- Вкочанети мускули и зглобови
- Мускулни грчеви, тикови или контракции што не можете да ги контролирате, вклучително и спазам во вратот што предизвикува вртење на главата на едната страна
- Проблеми при одењето
- Губење на здивот
- Воспален црн дроб или проблем со црниот дроб што предизвикува пожолтување на кожата или очите (жолтица)
- Зголемена чувствителност на сончева светлина
- Чешање
- Прекумерно потење
- Промени во менструалниот циклус (циклуси), како што се немање на циклуси, или долги, тешки и болни циклуси
- Неочекувано производство на мајчино млеко
- Болка или непријатност во градите
- Висока телесна температура
- Оток предизвикан од задршка на течности во телото

**Ретки несакани дејства (може да се појават кај најмногу 1 на 1.000 пациенти):**
- Високо ниво на хормонот „пролактин“ во крвта
- Стеснети дишни патишта во белите дробови, предизвикувајќи потешкотии при дишењето
- Потешкотии или неможност да се отвори устата
- Сексуални проблеми

**Следниве несакани дејства биле исто така пријавени, но нивната точна фреквенција не е позната:**
- Високо ниво на „антидиуретичен хормон“ во крвта (синдром на несоодветна секреција на антидиуретичен хормон)
- Ниско ниво на шеќер во крвта
- Оток околу гласните жици (грлото) или краток спазам на гласните жици што може да предизвика потешкотии при зборувањето или дишењето
- Ненадејна слабост на црниот дроб
- Намален проток на жолчката во жолчниот канал

- Луштење или лупење на кожа
- Воспалени мали крвни садови, што доведува до исип на кожата проследен со мали црвени или виолетови испакнатини
- Разградување на мускулното ткиво (рабдомиолиза)
- Постојана и болна ерекција на пенисот
- Зголемени гради кај мажите
- Ниска телесна температура.

**Пријавување на несакани дејства**
Пријавувањето на несакани дејства по одобрувањето на лекот е многу важно. Тоа овозможува обезбедување на повеќе информации за безбедноста на лекот.
Несаканите реакции на лекот може да се пријават во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински помагала (св. Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или електронски преку веб-страницата на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

*Ако забележите било какви несакани дејства кои не се спомнати во ова упатство, ве молиме да го информирате вашиот лекар или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ЛЕКОТ ХАЛОПЕРИДОЛ КРКА

**Начин на чување**
***Лекот чувајте го на места недостапни за деца!***

Да се чува на температура до 25°C.

**Рок на употреба**
*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.*

Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лековите не треба да се фрлаат со отпадоците од домаќинството. Советувајте се со вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не ви се потребни. Овие мерки помагаат во заштитата на животната средина.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт. Само за болничка употреба. Во исклучителни случаи, лекот може да се користи по излегувањето од болница за продолжување на третманот дома и за натамошно лекување.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
**Август 2022**

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**
15-10221/2